Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 517/5
24-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 517/1 од 27.09.2022 година, поднесена од [redacted] против Агенција за катастар на недвижности, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, без наведена дискриминаторска основа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 24.11.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна Агенцијата за катастар на недвижности кон [redacted].

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 517/1 на 27.09.2022 година, од подносителот [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на работодавниот орган - Агенција за катастар на недвижности.

Подносителот на претставката од 2016 година е вработен во Агенција за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности, на работно место – самостоен референт за геодетски работи од областа на катастарот на недвижностите во ОКН Крива Паланка при Сектор за катастар на недвижности за североисточен регион.

Според наводите од претставката, подносителот бил дискриминиран од страна на работодавниот орган – Агенција за катастар на недвижности при остварување на правата од работен однос. Подносителот наведува дека работодавниот орган, подолг временски период не одлучува по неговите барања за остварување на права кои му следат врз основа на Законот за административни службеници. Имено, во 2017 година до работодавниот орган доставил уверение за завршен повисок степен на образование – Уверение за дипломирање на Градежен факултет Скопје, на прв циклус студии по геодезија бр. 1006/10/582 од 21.11.2017 година, издадено од Градежен факултет Скопје. Откако за тоа го известил работодавниот орган, очекувал во основната компонената од платата да му биде засметана и ставката за образование – Дипломиран геодетски инжинер (180 ЕКТС кредити).

Врз основа на член 8 и член 9 од Законот за изменување и дополнување на законот за административни службеници:

*Член 8*

*(1) Помошно-стручните административни службеници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, може до секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар од 1 септември 2020 година да поднесат барање за обезбедување вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на*

*образование. (2) Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар најдоцна четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон е должен да ги обезбеди средствата за вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование за административните службеници од ставот (1) на овој член.*

*Член 9*

*Административниот службеник кој е на работно место од категоријата на помошно - стручни административни службеници, а кој ги исполнува посебните услови од членот 25 став (2) од овој закон, на негово барање може да се распореди на работно место помлад соработник доколку тоа работно место е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.*

Подносителот во неколку наврати се обратил до работодавниот орган, најпрвин со барање да биде прераспределен на работно место – помлад соработник за геодетски работи, а потоа и со барање во личниот доход да му биде засметана ставката за образование. Оттаму добил одговор дека нема потреба од негово прераспределување, а според тврдењата во претставката само во изминатата година во Агенцијата за катастар на недвижности било извршено распоредување на повисоки работни места на преку педесетина работници во АКН. Заради таквата состојба подносителот тврди дека е ставен во понеповолна положба во однос на неговите колеги. Во поткрепа на тврдењето навел компаратор – [redacted] која е вработена во ОКН Крива Паланка, на работно место – помлад соработник за правни работи. Според подносителот за иста правна работа, работодавниот орган постапил различно, со тоа што на вработената [redacted] веднаш по поднесено барање од нејзина страна, ѝ издал Решение за измена на Решение за вработување и определување на плата со кое се одобруваат, односно засметуваат бодовите за повисоко образование.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 10.10.2022 година испрати Известување бр. 08 – 517/2 за произнесување по наводите од претставката до директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и Известување бр. 08 – 517/3 од 10.10.2022 година до Агенцијата за катастар на недвижности.

На 31.10.2022 година до Комисијата пристигна произнесување по наводите од претставката од Агенцијата за катастар на недвижности, со кое се негираат навоите од претставката. Во произнесувањето се наведува дека подносителот во претставката не навел ниту една од дискриминаторските основи предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, што укажува на заклучок дека во конкретниот случај не постои дискриминација.

Во однос на барањето на вработениот да биде распореден на работно место помлад соработник (член 9 од Законот за изменување и дополнување на законот на административни службеници – Сл. весник 14/2020) работодавниот орган навел дека согласно потребите на работниот процес на одделението за катастар на недвижности – Крива Паланка немало таква потреба. Воедно навел дека конкретната законска одредба не е императивна за работнодавниот орган. Во однос пак на барањето на вработениот во основната компонента од платата да му биде засметан и делот на плата за степен на образование, Агенцијата навела дека за обезбедување на тоа право на вработениот, законот дава рок од 4 години од денот на влегување во сила. Во таа насока Агенцијата најавила дека соодветно ќе постапи, со оглед на тоа што од влегување во сила на законот се изминати две години.

По однос на наводите за вработената [redacted] кои се посочени во претставката, Агенцијата образложила дека се работи за две различни ситуации, односно различни законски основи за постапување, кои се неспоредливи. Појаснето е дека [redacted] вработена на работно место помлад соработник за правни работи, пред да заснова работен однос се имала стекнато со високо образование – Правен факултет со 300 ЕКТС кредити. Согласно член 24 став 2 од Законот за административни сужбеници, за стручни квалификации е предвидено дека за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите, се VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен. [redacted] пред вработувањето имала стекнато 300 ЕКТС, повисок степен на образование од законскиот минимум поради што следи вреднување на степенот на образование и од тие причини нејзиното барање не може да се поистовети со барањето на подносителот на претставката, односно не е поврзано со членот 8 и членот 9 од Законот за изменување и дополнување на законот за административни службеници.

Од изнесеното произлегува дека со тврдењата наведени во претставката, подносителот не направил веројатно дека во конкретниот случај кон него е сторена дискриминација, а Комисијата по утврдената фактичка состојба не утврди никакво прекршување на право, кое резултирало со понеповолно, односно нееднакво постапување кон подносителот. За да постои дискриминација подносителот е потребно да стори веројатно дека кон него е сторена одредена повреда на право врз основа на заштитна карактеристика. Во недостиг на основните елементи од законската дефиниција за дискриминација, предвидена во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно законските надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Агенцијата за катастар на недвижности кон [redacted]

Скопје
24.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
- Агенција за катастар на недвижности со адреса на ул. Трифун Хаџи Јанев бр. 4, Скопје